## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРЕТПРИЕМНИШТВО” ОД ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-61/9 од 23.2.2018 донесена на 152. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 22.2.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– редовен професор д-р Ристо Фотов, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– вонреден професор д-р Еленица Софијанова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**Претприемништво”** од авторот **проф. д-р Ристе Темјановски.**

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „*Претприемништво*” од проф. д-р Ристе Темјановски е наменет за студентите и професорите на Економски факултет, Факултет за информатика и останатите единици на Универзитетот „Гоце Делчев” од Штип. Материјалот е концепиран и пишуван според потребите за основна и дополнителна литературата на студентите на економските и информатичките науки, кои имаат интерес да ги следат глобалните текови и процеси во доменот на претприемништвото, неговиот поттик, влијание врз севкупната бизнис околина, но и да создадат јасна слика од делувањето на претприемничката клима во секојдневното функционирање на поединецот. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосно опфатена стручна граѓа чија главна цел е да даде основа за разбирање и совладување на теоретските и актуелни случувања и предизвици на современите текови во претприемничката идеја. Во денешната бизнис клима претприемништвото е незаменлив сегмент од стратешките определби на една компанија, вклучувајќи ги визијата, процесите, конкурентноста, продажбата и продажните канали, каналите за дистрибуција и сл. Претприемничките вештини денес го движат светот. Тие предизвикаа „тектонско“ поместување во сите процеси на човековите активности: животни навики, начин на учење, работа, забава, спорт, политика и со што го видоизмени целокупниот пејзаж на цивилизациските достигнувања. Со право се смета дека претприемачите го моделираат светот и создаваат еден нов тип на економија - *нова економија со претприемнички знаења, вештини, во кои информациите се највреден ресурс. Како да се биде прв, иновативен и импозантен.*

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот со наслов „*Претприемништво*” е наменет за издавање во електронска формат како е-учебник. Опфаќа вкупно 243 страници текстуален материјал, структуриран во 10 поглавја, надополнет со слики, графикони и прилози. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардна стручно-научна методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за електронски учебник по предметот Претприемништво.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот на овој електронски учебник претставува оригинален авторски ракопис. Други слични вакви учебници, скрипти, практикуми или наставни помагала што ја третираат оваа проблематика на УГД

досега не се објавени. Трудот според содржината и начинот на разработка претставува дело во кое на оригинален начин се претставуваат прашањата за современите глобални претприемнички процеси и текови во светот и кај нас. Светот во кој живееме е свет во кој иновативноста и претприемничкиот дух ги диктираат сите правци на современиот живот. Од своето појавување па сè до денес оваа област е во перманентен и динамичен развој и станува императив не само во меѓународното работење и домашните бизнис релации, туку и составен сегмент на секојдневните бизнис средини. Оваа проблематика е со векови присутна во капиталистичкиот свет, сега нуди одлични можности за развој на економиите во развој, на малите компании, но и на големите корпорации кои ги следат виталноста и претприемничката идеја. Од друга страна, овозможува поединецот да ги следи претприемничките техники и самостојно да започне свој сопствен бизнис, а со тоа да биде вклучен во глобалните случувања.

При пишувањето се користени најнови резултати од економската, технолошките, информатичко-компјутерските науки и нивни сродни дисциплини.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на монографијата е напишан на јасен и разбирлив начин со економска стручна терминологија, прифатлив за студентите и стручната научна јавност.

Концепцијата на книгата е современо базирана, со соодветна поврзаност на современите и актуелни состојби на економската наука во современиот бизнис свет. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката на претприемништвото. Во книгата се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на современата проблематика на претприемништвото кај нас и во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Во секојдневниот живот претпримништвото се претставува како деловна активност која донесува материјална корист на поединецот или колективот. Од аспект на развој, тоа се толкува како тежнение за успех и постигнување парична корист. Претприемништвото денес стана значаен фактор на преструктурирање на фирмите и корпорациите, на цели национални економии, на цели региони на светското стопанство. Со овој труд се настојува да се истакне и потребата за објективна научна анализа на нашата економија, оценката на вистинските можности за модернизацијата и вклучување во светските глобални економски текови.

Секако дека во ракописот авторот дава и критичка анализа и оценка за последиците од ненавремените вклучувања на земјите во подем кон оваа проблематика, доведувајќи се во одредена состојба на губење на здивот со совремните бизнис достигнувања.

Во ракописот се опфатени десет поглавја кои се однесуваат *на* работењето во глобалниот електронски бизнис: Претприемништвото како реалност во светот на бизнисот (*Глава 1*); Претприемништвото и современите економски теории и школи (*Глава 2*); Претприемништвото и економската околина (*Глава 3*); Пазарот, конкурентноста и претприемништвото (*Глава 4*); Претприемништвото и развивање пазарни стратегии (*Глава 5*); Претприемнички бизнис план (Глава 6); Организација и претприемничко однесување (*Глава 7*); Мерки за поддршка на претприемништвото (*Глава 8*) Корпорациско претприемништво (Глава 9) и Претприемништвото во Република Македонија (Глава 10).

Во првото поглавје од книгата фокусот на внимание е насочен кон дефинирање на карактеристиките на претприемништвото во глобалниот бизнис свет. Во теоријата и практиката постојано се прават обиди на прецизен начин да се одговори на прашањето што претставува претприемништвото. Причини има многу, а главната секако е сложеноста на природата и фунцијата на претприемништвото, односно стекнувањето индивидуални и колективни манифестации и димензии на претприемничката функција. Комплексноста и комплементарноста на претприемништвото не е можно да се опфатат со проста анализа и дефиниција, без хоризонтална локализација во речиси сите сфери на едно развиено општество (економија, култура, уметност итн.). Авторот дава поимно објаснување на термините претприемач, претприемништво, профил на претприемачот и разлика меѓу претприемачите и менаџерите. Како главни карактеристики на претприемачите, авторот ги наведува: самоувереност, талент, креативност, предизвик, динамизам, визија, иницијатива, реализам, оптимизам, прифаќање на критика, остроумност, настојчивост, прифаќање

на ризик, независност, поливалентност, потреба од реализација, флексибилност, предвидување, енергичност, неконформизам, ориентација кон профит.

Во *вториот дел* на книгата се разработуваат современите економски теории и школи кои имаат силно влијание врз јакнење на претприемничката идеја. Проф. Темјановски ги обработува следните теории: Теоријата на Стивен Химер за специфичните предности на фирмата, Теоријата на животниот циклус на производот на Рајмнонд Вернон, Парадигмата на Џон Данинг, Теоријата на Мајкл Портер за конкурентноста, Животниот циклус на претпријатието според Исак Адижес. Во рамките на ова поглавје тој во рамките на школа за претприемништво ги разработува процесите, фазите и моделите на претприемништво.

Претприемништвото и економската околина се опфатени во *третата глава*. Авторот д-р Темјановски дава економска еволутивност на претприемништвото. Современата економска теорија битните карактеристики на претприемништвото ги гледа во реалокација на факторите кон точките на најпродуктивна употреба, рекомбинација и супституција на факторите на микроплан, иновација и ризикот. Се потенцира исто така поврзаноста на претприемништвото за малиот бизнис, но се констатира и неговото поместување кон големите корпорации. Авторот истакнува дека редуцирањето на претприемништвото во сферата на стопанството и неговото врзување за исклучиво стопански активности, не само што покажува искривеност на неговата суштина, туку од аспект на теоријата и практиката е погрешно и штетно, со оглед на тоа што е присутно во сите сфери на општеството за кое се претпоставува дека се способни да се модифицираат и ја менуваат самата целина.

На проблемите поврзани со пазарот, конкурентноста и претприемништвото авторот го посветил *четвртото поглавје* во учебникот. Конкуренцијата претставува значаен поттик и услов за успешен развој на претприемништвото. Многу економисти, почнувајќи од Адам Смит, ја објаснувале вредноста како значаен сегмент за еден економски натпревар. Во конкурентската игра, претприемачот е мотивиран да се однесува на општествено посакуван и економски исплатлив начин. На сето тоа во крајна линија него го присилуваат законите на пазарот. Конкуренцијата и слободниот пазар претставуваат нераскинлив дел од системот на слободното претприемништво. Таа поттикнува на самопотврдување, развој и ефикасно функционирање низ принудната селекција која се одигрува на пазарот. Во таа селекција, како во Дарвиновата теорија за еволутивноста, во пазарниот натпревар, остануваат најефикасните и најдобри претпријатија, додека слабите претпријатија и неспособните претприемачи, често се изложени на пропаѓање.

Во *петтото поглавје* авторот фокусот на внимание го насочува кон развивање на пазарните стратегии. Се поставува прашањето која стратегија е најадекватна за решавање на проблемите во една индустриска гранка? Значи, произлегува дека една стратегија не е секогаш најдобро решение за решавање на проблемот. Што може да биде ефикасно за една компанија или во една индустриска гранка, не мора да биде и за друга. Исто така, може да се заклучи дека ниту една почетна стратегија не е докрај одредена. Но ова не значи дека почетните стратегии не треба да се земаат предвид. Многу повеќе тоа значи дека претприемачот треба да ги разбере расположливите почетни стратегии, како и природата на индустријата во која ќе стартува, при формулирањето на почетната стратегија на неговиот или нејзиниот нов потфат.

Во *шестото поглавје* е претставена технологијата на планирање и изработка на претприемнички бизнис план. Бизнис планот спаѓа во една од најзначајните активности на претприемачот. Меѓутоа одредени теоретски и емпириски истражувања потврдуваат дека сопствениците на малите претпријатија недоволно го применуваат планирањето во нивното работење. Со помош на планирањето тие би можеле да ги разрешат проблемите, причините и пречките кои се јавуваат во текот на работењето. Во деловниот потфат треба да бидат најразлични аспекти: менаџментот, производството, финансирањето, кадрите, деловниот ризик, маркетингот, истражувањето на пазарот, услугите, конкуренцијата, економските трендови и сл. Анализата на претходните аспекти треба да овозможи да се добие јасна претстава за малиот бизнис. Покрај деловната политика и целите, финален производ на процесот на планирањето претставува планот.

Организацијата и претприемничкото однесување се разработени во *седмото поглавје*. Сосема е сигурно дека основен услов за развој и функционирањето на претприемништвото

претставува човечкиот капацитет и добро мотивиран кадар за покренување иницијатива, давање и прифаќање претприемничката идеја и реализација на претприемничките зафати и планови. масовното поттикнување на успехот како основна материјална и лична афирмација на поединецот претставува широка основа за развој и ефикасното функционирање на претприемништвото. Преференцијата кон успехот се вградува во ткивото на поединецот, основните етички вредности за бизнисот се рефлектираат на него како објективизација на работата и претприемништвото во секојдневниот живот. По пат на многу јасните правила на игра на пазарот и вредностите, поединците се вклучуваат во многубројните врски во репрезентативната целина на конкретното општество.

Мерките за поддршка на претприемништвото се елаборирани во *осмото поглавје* на учебникот. Новите модели на комерцијално управување, воведувањето на конкурентноста и учеството на приватниот сектор, ја наметнуваат потребата за промена на начинот на менаџирање во доменот на претприемништвото и услугите кај локалното население. Децентрализацијата како докажана демократска практика ќе може успешно да придонесе во подобрувањето и развојот на претприемништвото. Иако децентрализацијата претставува политичка категорија, успехот од нејзината примена, во голема мерка е условен од економските состојби во државата, економската и инфраструктурната политика. Глобалните и економските случувања, искуствата од развиените земји и потребата од надминување на проблемите во помалите административни единици, сè повеќе ја поттикнуваат локалната власт за помасовно учество, како во инвестирањето, така и во менаџирањето во користењето на услугите.

Во *деветтото поглавје* авторот се фокусира на корпорациско претприемништво. Обично се мисли дека претприемништвото е феномен што исклучиво се врзува со малите и средните претпријатија. Ваквата констатација не е спорна, особено ако се има предвид фактот дека сопственикот на мал бизнис има силен мотив на својата фирма да и осигура високи стапки на пораст. Големите претпријатија имаат неодминлива и многу значајна улога во севкупниот економски развој на една земја. Оттука, претприемничката функција не би требало и не би смеело да исчезнува со растежот на претпријатието. Феноменот на примена на претприемничкото однесување во големите претпријатија се нарекува внатрешно претприемништво или корпорациско претприемништво (intrapreneurship). Луѓето коишто демонстрираат претприемничко однесување во големите корпорации се нарекуваат корпорациски претприемачи (intrapreneurs).

Во *десеттото последно поглавје* авторот Темјановски фокусот на своето внимание го насочува кон претприемништвото во Република Македонија. Интензивен пораст на малите и средни претпријатија во Република Македонија започна по 1990 година. Меѓутоа, процесот како што беше случај и во останатите земји во транзиција доби карактеристика на „спонтано претприемништво», условено од крупните промени на економскиот и политичкиот систем на земјата. Од друга страна, регистрирањето голем број нови мали и средни претпријатија (МСП) беше и нормална реакција на граѓаните на земјата на нарушената економска и социјална сигурност, предизвикана од транзицијата, приватизацијата и растечката невработеност. Авторот се осврнува на формите на помагање на претприемничките компании, финансиските извори, но и законските погодности за отпочнување на свој сопствен бизнис, совети поврзани за стартирање нови бизниси, за подобрување и развивање на бизнис-плановите на малите фирми, за иницирање и развојот на бизнис мрежи, за пристапот до финансиски средства, посебно за обезбедување пристап до европските фондови за поддршка на МПС и претприемништвото, совети од даночната сфера, едукативни услуги значително треба да ја подобрат сликата за македонското претприемништво.

## ЗАКЛУЧОК

Електронскиот учебник „*Претприемништво*“ од проф. д-р Ристе Темјановски е системски и логички подреден на современ начин и во 10 глави се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на основната проблематика на претприемничкото работење кај нас и во светот. На еден јасен, стручно-методолошки пристап и низ практични примери, студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни податоци, документарни табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие исто така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на претприемничкото работење.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд кој ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и останатите научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачувам да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Научно-наставниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме овој електронски учебник со наслов „Претприемништво” од проф. д-р Ристе Темјановски да го одобри за издавање во е-библиотека.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ристо Фотов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Еленица Софијанова, вонреден професор, с.р.**